**Известување за концентрација**

помеѓу COCA-COLA BEVERAGES HOLDINGS II B.V., со седиште на Наритавег 165, 1043 БВ, Амстердам, Холандија и Brau Union AG, со седиште на Пошахестр. 35, 4020 Линц, од една страна и **ПИВАРА АД СКОПЈЕ**, со седиште на Ул. 808 бр.12, 1000 Скопје, Република Македонија (**Предмет бр.**08-76/2011)

1. Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10 и 139/11), на ден 15.11.2011 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која COCA-COLA BEVERAGES HOLDINGS II B.V. и Brau Union AG во смисла на одредбите од член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата, стекнуваат контрола врз **ПИВАРА СКОПЈЕ АД** ***по пат на купување на акции***.

2.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-COCA-COLA BEVERAGES HOLDINGS II B.V., – Градски кредитни банки и трговски финансиски компани;
- Brau Union AG **–** инвестиционен менаџмент и
-**ПИВАРА СКОПЈЕ АД** – производство и комерцијализација на безалкохолни пијалоци; производство и комерцијализација на минерална вода и друга флаширана вода

3. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

4. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 6б, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.11.2011 година
Скопје